# НАСТАВЕН ЛИСТ



## ПРИМЕР ЗА ИНТЕГРИРАН ЧАС ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

📚 **Предмет: Информатика**
🏫 **Одделение: VI**
🕐 **Времетраење: 1 наставен час (45 минути)**
🧩 **Тема на часот: ОНЛАЈН ЖИВЕЕЊЕ**
🔍 **Подтема: Комуникација преку Интернет.**

- **Користи интернет за текстуална, аудио и видео комуникација.**
- **Ги објаснува последиците од споделување на приватни информации на Интернет**

### Наставни цели (според БРО)



1. Правила за етичко користење компјутер (безбедно работење и етичко користење компјутер, лиценциран софтвер)

- Ги објаснува и применува правилата за етичко користење на компјутер;
- Наведува инструкции за безбедно работење на компјутер и избегнување можни злоупотреби.

### По завршување на часот, ученикот....

- ·да пристапува до интернет ресурси на правилен начин и да пребарува потребни информации.
- ·успешно и безбедно да комуницира преку интернет.
- ·Ги објаснува последиците од споделување на приватни информации на Интернет



### Предлози за едукативни материјали од МКСАФЕНЕТ ресурсната база

- Приватност во дигиталната ера - Финале - Иван учи како да ги заштити своите лични податоци
- Како да му помогнеш на твоето дете да ги заштити своите податоци
- Водилки за справување со сајбер насилство - MKSafeNet
- Дигитален отпечаток - MKSafeNet

## Предлог за тек на часот

### 5 мин – Мотивација и вовед

- Прашање за размислување – „ Дали некогаш сте барале нешто на интернет и добиле погрешни или чудни информации?“

### 10 мин – Видео/Презентација

- Гледаат кратко видео (на пр. „Како безбедно да комуницираме на интернет“).

### 10 мин – Работа во парови

- Дискусија во парови:
- Кои зборови/пораки се пријатни?
- Кои пораки се навредливи или ризични?
- Што правиме ако добиеме порака од непознат?

### 10 мин – Групна активност

- Наставникот дели сценарио (пример: „Некој ученик добива порака на социјална мрежа каде му бараат лична фотографија.“).
- Задачи за групите (3–4 ученици):
- Опишете што може да се случи ако ученикот ја испрати фотографијата.
- Што е правилна реакција?
- Кому да се обрати за помош?

## Потребни ресурси за реализација на часот:



MKSafeNet материјали

- ·MKSafeNet видео и инфографик
- ·Таблети / мобилни уреди
- ·Флипчарт или табла
- ·Работен лист за запишување избори и рефлексија

## Оценување / Формативна евалуација

- Рефлексија: јасност и искреност
- Аргументација во мини-дебата
- Креативност и оригиналност во домашната задача

Текстот ги одразува само ставовите на авторот, и Комисијата не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.



Ко-финансирано од Европска Унија